**Претходно соопштение**

**UDC 111.852**

# ДЕЈВИД ХЈУМ ЗА УБАВИНАТА И ЗА ВКУСОТ (300 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ФИЛОЗОФОТ)

**Иван Џепароски**

*Филозофски факултет,*

*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија*

**Key words:** David Hume, beauty, taste, standard of taste, aesthetics.

**Summary:** The aim of this article is to investigate the main ideas of David Hume's philosophical and aesthetical approaches and to stress that the significance of his interpretations of beauty and taste today are even more important then hundred years ago. This year (2011), celebrating 300 years from the birth of the philosopher (1711) it's very important, once again, to point out that Hume's essay "Of the Standard of Taste" today is a canonical text connected with the category of taste, and according to the opinions of the most important contemporary aestheticians (Beardsley, Shelley, Dickie), along with Kant's third Critic, it is foundation work of the modern aesthetical theory.

Точно пред педесет години, прочуениот американски естетичар Џером Столниц во својата студија „'Убавина': неколку етапи во развојот на една идеја", ("'Beauty': Some Stages in the History of an Idea") објавена во 1961 година во списанието "Journal of the History of Ideas", успешно ја образложува и ја брани тезата дека севкупниот XVIII век претставува една коперниканска револуција во естетиката и дека зародишот на оваа револуција треба да се бара меѓу британските сензуалистичко-емпиристички мислители на XVIII век, во чиешто дело и во контекст на сензуалистичкиот емпиризам (sensational empiricism) се создава естетичката теорија во денешната смисла на зборот (Stolnitz, 1961). Ваквиот став произлегува и од веќе прифатеното мислење на германскиот филозоф Ернст Касирер, кој во своето дело „Филозофија на просветителството“ (Die Philosophie der Aufklärung, 1932), јасно потенцира дека иако XVIII век мнозина го именуваат како век на филозофијата, тој век, истовремено, е и век на книжевната критика и на естетиката. Касирер, имено, вели дека „единството на филозофијата и на книжевната и на естетичката критика е евидентно кај сите еминентни умови на векот. (...) Систематската естетика извира од оваа концепција на заемна зависност и единство на филозофијата и критиката“ (Cassirer, 1951:

275).

Од друга страна, прочуениот англиски естетичар и историчар на естетиката Бернар Босанке, инаку професор по естетика во Оксфорд (University College, Oxford), во својата „Историја на естетиката“ (“A History of Aesthetic”), објавена кон крајот на XIX век, во поглавјето „Естетичките идеи на пред-кантијанската филозофија“ јасно укажува дека идеите за убавината што ги наоѓаме во младешкото дело на Дејвид Хјум „Расправа за човечката природа“ (“Treatise of Human Nature”, 1738) содржат „значителна вредност“ (Bosanquet, 1892: 178) Кон овие ставови се надоврзуваат и Катерина Гилберт и Хелмут Кун во нивната „Историја на естетиката“ (“A History of Aesthetics”) од 1954 година, зашто таму се укажува дека Хјум е „со посмел дух од мнозинството филозофи на својот век и на својата земја“ (Gilbert-Kuhn, 2004: 177).

Во третата, пак, историја на естетиката од англосаксонското јазично подрачје напишана од американскиот естетичар Монро Бердсли под наслов „Естетиката од класична Грција до денес“ (“Aesthetics from Classical Greece to the Present”, 1966), поточно во поглавјето под наслов „Проблемот на вкусот: од Шефтсбери до Хјум“ (“The Problem of Taste: Shaftesbury to Hume”) јасно се укажува дека иако Хјумовата естетика е настроена субјективистички и емпирицистички, таа со воведувањето на концептот на „квалификуваниот набљудувач“ (qualified observer) се заснова врз една „нерелативистичка основа“ (nonrelativist basis) (Beardsley, 1966: 191). Ова доаѓа од ставот на Дејвид Хјум, според кој „основните принципи на вкусот се униформени во човечката природа“[1] (Hume, 1888, II: 824).

И од овие пет различни примери, од коишто три се земени од најзначајните, и за жал, единствените истории на естетиката на англиското јазично подрачје, напишани кон крајот на XIX и во XX век[2], се покажува особеното место на Дејвид Хјум во рамките на естетиката и на историјата на естетиката. Затоа и може со сигурност да се утврди дека шкотскиот филозоф, историчар, економист и теоретичар на религијата **Дејвид Хјум** (1711-1776) е, несомнено, најзначајниот претставник на британскиот емпиризам и водечка

---

[1] „The general principles of taste are uniform in human nature“.

[2] Овде не ја земам предвид „Историјата на естетиката“ на полскиот естетичар Владислав Татаркјевич, зашто таа завршува во нејзиниот трет том со почетокот на 18 век, а следните томови никогаш не се напишани (Tatarkiewicz, 1970–1974).

личност на шкотското и на британското просветителство. Во рамките, пак, на естетиката, Дејвид Хјум можеме да го вброиме меѓу емпиристичко-сензуалистичките естетичари, како следбеник на идеите на Шефтсбери (1671-1713) и на Френсис Хачесон (1694-1746). Но, Шефтсбери (Ентони Ешли Купер, Третиот Ерл од Шефтсбери) ако ја врзува категоријата *вкус* за едно особено сетило што го именува како „инстинкт за убавина", или како „внатрешно сетило" коешто ни овозможува да ги оценуваме уметничките вредности, со што се озаконува *чувството,* како единствен субјективен орган, со чија помош доаѓаме до осознавање на убавината на предметите и на делата (Shaftesbury, 2001), и ако Френсис Хачесон зборува за едно внатрешно „сетило за убавина" (sense of beauty), а ова сетило, всушност, претставува група од „внатрешни сетила" што вклучуваат меѓу себе, меѓу другите нешта, и едно „сетило за хармонија" (sense of harmony) (Hutcheson, 2004: I.VI.§ IX), коешто е орган поставен некаде на средината меѓу сензуалноста и рационалноста, но сепак, пред сè, е внатрешно сетило поврзано со задоволството што го чувствуваме во комуникацијата со уметничкото дело, тогаш Дејвид Хјум, на трагата на овие двајца британски естетичари ја гради својата естетичка концепција, којашто далеку попрецизно ги утврдува особеностите и вредностите на „убавината" и на „вкусот".

Токму поради овие влијанија, мнозина филозофи и естетичари од XIX век го потценуваат влијанието на Хјум врз естетиката сметајќи, сепак, дека Шефтсбери и Хачесон се далеку повлијателни мислители отколку Хјум, а дека вредноста на Хјум во филозофијата треба да се бара во неговите општофилозофски (онтолошки и епистемолошки) пристапи, во неговиот однос кон религијата и политиката, но не и во естетиката. За ваквиот пристап посведочува и многу често цитираното фалбоспевање на величината на Хјум од страна на британскиот (шкотскиот) филозоф од XIX век, оформен под силно влијание на Хегел, Џејмс Хачисон Стирлинг (James Hutchison Stirling, 1820-1909), оној, мислителот, чиишто зборови силно одекнуваат во Британија низ целата втора половина на XIX век, зашто Стирлинг вехементно извикнува: „Хјум е нашата Политика, Хјум е нашата Трговија, Хјум е нашата Филозофија, Хјум е нашата Религија"[3] (Stirling, 1898).

Од друга страна, како што се укажува во Хјумовите капитални дела „Расправа за човечката природа" ("Treatise of Human Nature", 1739–40)

---

[3] "Hume is our Politics, Hume is our Trade, Hume is our Philosophy, Hume is our Religion".

и „Истражување за човечкиот разум“ (An Enquiry Concerning Human Understanding, 1748), „надворешната убавина е определена единствено од задоволството“[4] (Hume, 2007: 372), а убавината и вредноста се состојат во пријатното чувство, со што јасно се потврдува ставот дека убавината треба да се поистовети со задоволството.

Клучниот спис на Хјум од областа на естетиката, сепак, е неговиот есеј под наслов „За мерилото на вкусот“ Of the Standard of Taste, 1757), којшто интегрално е преведен на македонски јазик во зборникот *Убавина и уметност* (Џепароски, 2005: 163–181). Во овој спис Хјум ја развива тезата дека за просудувањето на убавината и на уметноста ние имаме едно определено чувство, коешто дејствува без да се размислува, поточно, ние имаме некое внатрешно сетило или чувство што суди за вредностите. Убавината и вредноста, според Хјум, се состојат токму во чувството на пријатност, во задоволството. Значи, тие не се наоѓаат во објектот, туку се во субјектот, во умот што контемплира за нив. Хјум категорично вели: „Убавината не е својство на стварите во нив самите: таа постои само во умот што за нив размислува – а секој ум восприма поинаква убавина“ (Хјум, 2005: 166). За него, нашиот вкус не потекнува од интелектуалниот, туку од емоционалниот дел на нашата биолошка даденост. Тој наполно ги спротивставува *разумот и вкусот*, тврдејќи дека разумот ни ги дава знаењата за вистината и за лагата, додека вкусот ни ги дава чувствата на убавото и на грдото, на пороците и на доблестите, или, како што укажува Хјум, „голема е разликата, се вели, меѓу судот и чувството. Секое чувство е точно, зашто чувството не се однесува на ништо друго надвор од себеси и тоа секогаш е стварно, кога човек е свесен за него. Но, сите заклучоци на умот не се точни, бидејќи тие се однесувааат на нешто надвор од нив самите, што значи, кон вистинската суштина на фактите; и затоа тие не се секогаш согласни со тоа мерило“ (Хјум, 2005: 165). Затоа, продолжува Хјум „за нас е природно да бараме едно *мерило на вкусот*, едно правило според кое би можеле да се помират различните чувства на луѓето. Или барем едно решение кое би го потврдило едното чувство, а би го отфрлило другото чувство“ (Хјум, 2005: 165).

Инаку, кога станува збор за историјата на категоријата *вкус* треба да се укаже дека **вкусот** (лат. gustus, анг. taste, гер. Gescmack, фр. goût) сè до 17-тиот век се врзува за надразнувањето на јазикот, за сетилото за вкус, а оттогаш, под влијание на шпанско-италијанскиот термин

[4] „External beauty is determined merely by pleasure“.

gusto и на францускиот bon goût (добар вкус), според Балтазар Грасијан (*El discreto*, 1646), се определува и како естетска моќ на просудување, способност да се спознаваат убавото и убавината и да можат да се разликуваат тие од грдото и од грдоста. Во Италија и во Шпанија вкусот претставува „уживање“ или „допаѓање“, така што се говори и за определен „префинет вкус“. На тој начин вкусот станува особено важен естетички и книжевно-критички термин, а како предмет на широки расправи го наоѓаме и во француската и во англиската, а нешто подоцна и во германската естетика. Во Франција, Ла Бриер во своите „Карактери“ (*Les Caractères*, 1688) укажува дека во уметноста постои некое врвно совршенство и оти оној што „го чувствува и сака, има совршен вкус; оној што не го чувствува та го сака и ова и она, има расипан вкус. Постојат значи добар и лош вкус, па затоа со причина се расправаме за вкусовите“. Ова е чекор потаму од схоластичката сентенција „за вкусовите не треба да се расправа (de gustibus non est disputandum), зашто таа доведува до краен релативизам, а со можноста за вкусовите да можеме да расправаме, всушност, се претпоставува постоењето на некое чувство со чија помош единката е во состојба да ја дофати совршеноста на убавината, која постои и во природата и во уметноста. А кој нема вакво чувство, тој ќе суди погрешно, ќе има лош и расипан вкус. Ваквото разбирање на вкусот од Франција најпрвин ќе премине во Англија, каде што ќе се здобие со белезите на „добар вкус“ (good taste), а потем и во Германија. Добриот вкус, на тој начин, ни овозможува да ги разликуваме и успешно да ги вреднуваме и убавината и уметноста, со помош на она што подоцна Имануел Кант ќе го нарече *суд на вкусот*.

Инаку, Кант го толкува вкусот на трагата на размислите на веќе спомнатите англиски сензуалисти: Лордот Шефтсбери, Френсис Хачесон, како и на Дејвид Хјум, кој не само што го буди од „догматската дремка“, во однос на онтологијата и на епистемологијата, туку, веројатно е да се претпостави, тоа го прави и во доменот на естетиката. Хјум во својот капитален естетички труд „Мерилото на вкусот“ ја развива тезата дека при уметничкото создавање е клучна улогата на *имагинацијата* (вообразбата, мечтата), а оттаму произлегува дека токму во меѓупросторот меѓу индивидуалното и ирационалното чувство и општоста, која не е рационална, се наоѓа онаа синтеза на индивидуалното и на универзалното во рамките на мерилото на вкусот. Значи, Хјум ја разива тезата дека во однос на „префинетоста на вкусот“ (delicacy of taste) префинетоста се однесува на „префинетоста на имагинацијата“ (delicacy of imagination), што е поразлично од „префинетоста на перцепцијата“ (delicacy of perception).

Ваквите одредби од денешна позиција, според некои современи толкувачи на естетиката на Хјум, создаваат определени проблеми при одбраната на идејата за „мерилото на вкусот“ (Gracyk, 2011: 1–16)[5], но, сепак, овие „проблеми“, истовремено, укажуваат и на несомнената важност на ставовите на Дејвид Хјум.

Познат е клучниот став на Хјум, според кој вкусот не е даден и утврден еднаш засекогаш. Тој е заеднички белег на сите луѓе, но тој мора постојано да се доизградува, емпириски да се проверува и да се модифицира, а само оние луѓе што ја имаат „префинетоста на вкусот“, смета Хјум, можат да ги наложат своите судови како општоприфатливи. На овие ставови подоцна се надоврзува Имануел Кант во неговата „Критика на моќта на судењето“ (1790), каде што вкусот не претставува само некоја лична наклонетост, туку претставува општествено развиена, субјективна моќ на просудување. (Кант, 2005). Убавото што е предмет на судот на вкусот не е квалитет на предметот, туку е израз на субјективно допаѓање. Вкусот е субјективна „моќ на просудување“, но тој треба да дејствува општествено, и треба во субјективното одредување да се манифестира над самата приватна наклонетост. Кант ова го нарекува „општа соопштливост во судот на вкусот“ (§ 9) (Кант, 2005: 209). На тој начин приватното мислење се преобразува во општоважечко и вредно. Вкусот, потем, не се заснова на корисното, но со него мора да се хармонизира. Судот на вкусот не е непосредно искуство, туку по пат на рефлексија со *„слободната игра“* на „моќта на *вообразбата*“ (имагинацијата, мечтата) и на *разумот* ги доведува нив во хармониско единство (§ 9) (Кант, 2005: 210). Вкусот, најнакрај е средство и активност, кој предизвикува согласување меѓу луѓето. Сепак, во естетиката „вкусот“ генерално се однесува на можноста да се просудуваат естетските белези на објектите, особено убавината. Како таков, вкусот играше централна улога во 18-тиот и 19-тиот век, но денес веќе не се употребува во толкав обем, освен во поширока смисла на определена естетска наклонетост.

Оттаму ваквото разбирање на убавината и на вкусот има големо

---

[5] „Taste theorists face the problem that, once adopted, the basic metaphor of ‘taste’ appears to consign aesthetic judgment to subjective response, so a theory of taste should deny that taste possesses degrees of objectivity. Hume’s adherence to the tradition that connects taste to ‘pleasures of the imagination’ compounds the problem by emphasizing our reliance on a mental faculty that is known to generate capricious, subjective associations“ (Gracyk, 2011: 7).

значење, зашто денес ниту една современа расправа за убавината не може да се замисли без таа да тргнува од ваквото Хјумово и подоцна Кантово диспозиционално разбирање на убавината. Затоа и српскиот естетичар Леон Коен, во духот на аналитичката естетика, може да укаже дека „ако зад нашите тврдења за убавината навистина стои нешто повеќе од ‘семејните сличности’, на кои се повикуваат Витгенштајн и неговите следбеници, се чини дека тоа може да биде само некое сложено диспозиционално својство какво што на ум го имаат Хјум, Кант и нивните денешни истомисленици“ (Коен, 1991: 37).

Токму затоа и прочуениот американски естетичар, оформувачот на интитуционалната естетичка теорија, Џорџ Дики, и може да утврди дека Хјумовото „истражување во природата на вкусот е едно емпириско истражување на определени аспекти на човечката природа. Хјумовата теорија, верувам – вели Дики – е најдобрата од теориите за вкусот на осумнаесеттиот век“ (Dickie, 1997: 16).

А ако сакаме, на крајот, повторно да укажеме на значењето на естетиката на XVIII век за севкупната естетика и историја на естетиката, треба, заедно со Џорџ Дики (Dickie, 1997: 25), да потенцираме дека од Шефтсбери, преку Хјум па сè до Кант, естетиката, која дотогаш беше потпрена врз поимот *убавина*, оттогаш овој поим го заменува со поимот на *вкусот*, за кон крајот на векот и овој поим да се напушти, за да се отвори простор за новиот поим на *естетското*.

Како и да е, есејот на Дејвид Хјум „За мерилото на вкусот“ станува канонски текст врзан за теоријата на вкусот, а според мислењето на најголемиот број современи естетичари, заедно со Кантовата трета Критика, тој и „претставува засновувачки текст на модерната естетичка теорија“ (Shelley, 2001: 38). А ако во овој есеј Хјум тврдеше дека вкусот е способност што може да се научи, но истовремено и да се поправи, тогаш вкусот има и една иманентно општествена условеност. Вкусот, исто како и уметноста, ја претпоставува „слободата“ како „condition sine qua non“ за нивното постоење и за нивниот непречен развој (Grlić, 1976: 37). Сите овие толкувања произлегуваат од јасно, прецизно и недвосмислено изречените ставови на Хјум од неговиот есеј „За издигнувањето и прогресот на науките и на уметностите“ („Of the Rise and Progress of the Arts and Sciences”). Таму Хјум вели: „Не е можно уметноста и науката да се издигнат, најнапред, меѓу некои луѓе, освен ако тие луѓе не уживале во благословот да имаат слободна влада“ (Hume, 1963: 116).

Оттаму, постоењето на општествената слобода, од времето на Хјум,

па сè до денес, е нужен предуслов за оформувањето на слободното царство на убавината, уметноста и на вкусот. Триста години по раѓањето на Хјум (1711 год.) овој императив и сега е повеќе од актуелен. Затоа, денес, на почетокот на втората деценија од XXI век, би можеле одредбите на Стирлинг од XIX век да ги надополниме, и без страв дека се греши, да извикаме: „Хјум е нашата Естетика, Хјум е нашата Слобода“.

**Литература**:


Beardsley, M.C. 1975. The Problem of Taste: Shaftesbury to Hume. In: *Aesthetics from Classical Greece to the Present.* Tuscaloosa and London: The University of Alabama Press. P. 178–191.

Bosanquet, B. 1892. *A History of Aesthetic*. London; New York: Swan Sonnneschein & Co., MacMillan & Co.

Cassirer, E. 1951[1932]. *The Philosophy of the Enlightement.* Princeton, New Jersey: Princeton University Press.

Dickie, G. 1997. Hume. in: *Introduction to Aesthetics: An Analityc Approach*, New York. Oxford: Oxford University Press. P. 16–18.

Gilbert, K. E.; Kuhn, H. 2004 [1954]. *Istorija estetike*. Beograd: Dereta.

Gracyk, T. 2011. Delicasy in Hume’s Theory of Taste. In: *The Journal of Scottish Philosophy*. 9.1(2011). P. 1–16.

Grlić, D. 1976. D.Hjum: Razum treba da služi emocijama. U: *Estetika*, tom II. Zagreb: Naprijed. S. 35–38.

Hume, D. 1963[1757]. “Of the Rise and Progress of the Arts and Sciences” and “Of the Standard of Taste”. In: *Essays: Moral, Political and Litarary,* Oxford: Oxford University Press. P. 112–138; 231–255.

Hume, D. 1999[1748]. *An Enquiry concerning Human Understanding*. Ed. Tom L. Beauchamp. Oxford: Oxford University Press.

Hume, D. 2007[1739–40]. *A Treatise of Human Nature: A Critical Edition*. Vol. 1. Ed. David Fate Norton and Mary J. Norton. Oxford: Clarendon Press.

Hutcheson, Francis. 2004[1726]. *An Inquiry into the Original of Our Ideas of Beauty and Virtue in Two Treatises.* Ed. Wolfgang, Leidhold. Indianapolis: Liberty Fund.

Shaftesbury, Anthony Ashley Cooper. 2001[1711]. *Characteristics of Men, Manners, Opinions, Times.* 3 vols. Ed. Douglas den Uyl. Indianapolis: Liberty Fund.

Shelley, J. 2001. Empiricism: Hutcheson and Hume. In: *The Routledge Companion to Aesthetics*. Ed. B. Gaut & D. McIver Lopes. London & New York: Routledge. P. 37–49.

Stirling, J. H. 1898[1865]. *The Secret of Hegel*. Edinburgh: Oliver and Boyd: 1st ed. (2 vols.) 1865; 2nd rev ed. (1 vol.).

Stolnitz, J. 1961.’Beauty’: Some Stages in the History of an Idea. In: *Journal of the History of Ideas*. 22. P. 185–204.

Tatarkiewicz, W. 1970–1974. *History of Aesthetics*. Vol. I-III. The Hague; Paris-Warszawa: Mouton-PWN.

Кант, И. 2005. Критика на моќта на судењето (прев. К.Б.Колбе). Во: *Убавина и уметност* (прир.) И. Џепароски, Скопје: Магор. С. 195–238.

Коен, Л. 1991. Хјумово схватање лепоте. У: Д.Хјум, *О мерилу укуса* (избор, превод и предговор: Л.Коен). Сремски Карловци; Нови Сад: ИКЗС; Добра Вест. С. 5–43.

*Убавина и уметност*. 2005. Џепароски, И. (прир.). Скопје: Магор.

Хјум, Д. 2005. За мерилото на вкусот (прев. И. Џепароски). Во: *Убавина и уметност* (прир.) И.Џепароски. Скопје: Магор. С. 163–181.